Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tirane

ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА IV | БРОЈ 27 | ТИРАНА - АЛБАНИЈА | www.ilinden-tirana.com | СЕПТЕМВРИ 2016 / ЈАНУАРИ 2017 Година

Во овој број

Страница 2
Федералната унија на Европските националности изгласа резолуција на Македонското Друштво "Илинден"- Тирана за правата на македонците во Албанија
Лошата состојбата во областа Гора

Страница 3
Естела Ѓурѓај секретар на македонско друштво "Илинден"- Тирана се до редовните избори кои треба да се одржат 2017 година
Потпретседателот на македонско друштво" Илинден"-Тирана го посети македонскиот павилон на Тера Мадре Балкан
Претседателот на македонско друштво "Илинден"- Тирана ограног Голо Брдо освари средба со заменик народен правобранителот во Тирана

Страница 4
Честитка од претседателот на македонската алијанса, Ѓорѓија Џорџ Атанасоски
Претседателот на македонско друштво "Илинден"-Тирана оствари средба со г.г. Стефан

Страница 5
Во Охрид се промовира книгата "The macedonian language origin of language root of words" на Светлана Симоновска
Македонско друштво "Илинден" -Тирана распишува конкурс за дизајн на лого

Страница 6
Пратеникот Ронал Кета: состојбата во Голо Брдо за жалење
Развој на државата преку комуникација со дијаспората

Страница 7
Македонците во Албанија во село Горно Крчиште го прославија празникот Спасовден
Македонците од Врбник пијат од чешма од 1928 година

Страница 10
Милош Ѓерѓ Никола (Миѓени) македонец

Страница 11
Репрезентација на македонија до 18 години

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ

Почитувани Македонци и Македонки во Република Албанија, во името на Македонско друштво "Илинден"-Тирана и во моје име, Ви ги честитам Новогодишните и Божиќните празници

Со почит претседател на Македонско друштво "Илинден"-Тирана г-дин Никола Ѓурѓај

ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ИЗГЛАСА РЕЗОЛУЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"- ТИРАНА ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

Поради финансиски проблеми нема можности членови од Македонското друштво „Илинден"- Тирана да учествуваат на 61-от конгрес на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) што се одржи на 18 до 22 мај 2016 година во Вроцлав, Република Полска. Конгресот го организира Здружението на германските социјал- културни друштва во Полска, кое е член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН). На Конгресот беа поканети учесници од 20 земји кои претставуваат повеќе од 30 малцинства во Европа. Иако не испрати свои претставници на Конгресот, Македонското друштво "Илинден"-Тирана во својство на официјален член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) го искористи правото да достави резолуција до Конгресот. За резолуција се гласаше тајно од сите делегати, а со позитивниот исход таа ќе биде доставена од страна на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) до владата на Република Албанија и меѓународните институци. Имаме задоволство да објавиме дека ваква резолуција посветена на правата на македонското национално малциство за прв пат е усвоена на меѓународен форум. Сакајќи да ја запознаеме јавноста со текстот на резолуцијата, во продолжение го даваме во целост. Резолуција од Македонското друштво „Илинден"-Тирана до учесниците на 61-от конгрес на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН)

Резолуција

1. Република Албанија да ја потпиши и ратификува повелбата на Советот на Европа „за регионални и малцински јазици" дејствија кои албанската држава на нејасен начин и неодговорно ги одложува со години.
2. Прзнавање на Македонското национално малциство во цела територија на Република Албнија.
3. Овозможување на припадниците на македонското национално малцинство во Голо Брдо и Гора да ги уживаат сите права што им припаѓаат на другите малцинствата, следствено и на македонското во Мала Преспа.
4. Учење на мајчин македонски јазик во државните училишта во областа Голо Брдо и Гора, како и во цела територија на Република Албанија секаде каде што има значен број на жители од македонско национално малциство.
5. Преиспитување на административна поделба спроведена 2015 година која македонското малцинство во Република Албанија ја смета за чекор назад во почитување на правата на македонското малцинство во Голо Брдо и Гора. Ова од причина што Владата на Република Албанија пред да почне административна поделба убедуваше дека општините каде што живеат малциствата нема да бришат. Но, како многупати дотогаш, реалноста стана поинаква.
6. Областите Голо Брдо и Гора, кои во административна поделба во 1913 година беа третирани како одделни административни единици беше избришана. Затоа пак, административна поделба спроведена 2015 година за овие области не исполни ниту еден критериум од критериумите што ги беше поставила Владата сама како што се демографски, географски, економски и културни. Згаснувањето на општините во Голо Брдо и Гора го отежнува животот на жителите од македонското национално малциство на областа Голо Брдо и Гора, кои сега само за да добијат еден обичен документ треба да патуваат 2 часа до новото општинско седиште. Македонското малцинство во Република Албанија бара во Голо Брдо и Гора повторно да бидат територијално обележени со по една општина и тоа: Општина Голо Брдо и Општина Гора.
7. Обезбедување на финансиска поддршка од Министерството за култура на Албанија за кутурни и од Министерството за образование и спорт за задоволување на образовните потреби на македонското национално малциство во Република Албнија. Македонско друштво „Илинден"-Тирана и понатаму ќе се бори преку меѓународните институции за правата на Македонците во Република Албанија.

ЛОШАТА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА ГОРА

Македонско друштво "Илинден"-Тирана ја изразуваатсвојата загриженост и посочуваат дека положбата на Македонците во областа Гора е лоша и отворено ја повикуваме Владата на Албанија итно да преземи соодветни мерки за подобрување на состојбата во оваа обласат. Исто така, сметаме дека досегашното однесување кон областа Гора и тамошното население значи кршење на основните човекови права според меѓународните конвенции. Како потврда за ваквиот наш став е фактот дека во последните 25 години малку е инвестирано во селата во областа Гора населена со македонско население. Патната инфраструктура која опфаќа 9 села е во лоша состојба, и срамно е во 21. век да има толку голема област каде се уште нема асфалтирани патишта. Тоа е главната причина за слабиот економски развој на областа Гора, сиромаштијата во обласата Гора се движи до незамисливи граници, бидејќи 95 % од населението се невработени. На овој начин, македонското население се иссе-

лува од Гора поради лошата состојба. Посебен проблем на македонско национално малциство во областа Гора е со снабдувањето на електрична енергија бидејќи мрежата за нејзина дистрибуција е стара од времето на комунизмот и покрај тоа што жителите редовно ја плаќаат електрична енергија. Во катастрофална состојба е и здравствената заштита во областа Гора. Имено, во времето на комунизмот имаше здраствен дом во секое село. Денес, после 25 години демократски развој ваквите здравствени институции се бројат на прсти и се во лоша состојба. Дополнителен проблем за македонслкото малцинство во Албанија е фактот што децата неможат да го изучуваат мајчиниот јазик во училиштата, иако со меѓународните конвенции за човекови права тоа нешто е решено.Поради сите овие егзистенционални проблеми на македонското малцинство во облсата Гора, Македонско друштво "Илинден"-Тирана бараат од владата да преземе соодветни мерки да се подобри ситуацијата.

ЕСТЕЛА ҐУРҐАЈ СЕКРЕТАР НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"- ТИРАНА СЕ ДО РЕДОВНИТЕ ИЗБОРИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОДРЖАТ 2017 ГОДИНА

Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, г-дин Никола Ґурґај, ја прифати поднесената оставка од страна на Ерлин Мазнику на функцијата секретар на Македонско друштво "Илинден"- Тирана. Со цел да се пополни испразнетото место свика состанок на Управниот одбор. При тоа, пред Управниот одбор ја образложи настанатата ситуација, а членовите на одборот ја констатираа оставката поднесена од Ерлин Мазнику. После дискусијата Управниот одбор донесе одлука Естела Ґурґај ја врши функцијата секретар на Македонско друштво "Илинден"- Тирана се до редовните избори кои треба да се одржат 2017 година. Ерлин Мазнику е роден во Тирана, во семејство со потекло од Голо Брдо. За Генерален кординатор на Друштвото беше назначен на 11 декември 2009 година, додека во 09.02.2013 година беше избран за секретар на Друштвото. Македонското друштво "Илинден"-Тирана искрено му се заблагодарува на Ерлин Мазнику за придонесот како координатор и секретар во Друштвото. Мазнику и натаму ќе продолжи да ги поддржува активностите на Друштвото. Македонско друштво "Илинден"-Тирана му посакува успех на г-дин Ерлин Мазнику во идните ангажмани. Естела Ґурґај е родена во Тирана во семејство со потекло од Голо Брдо. Основното и гимназиското образование има завршено во Тирана, а дипломира на Факултетот за странски јазик во Тирана, Република Албанија. Во 2012 година е добитник на степендија од Македонија за последипломски студии на Институтот за национална историја во Скопје, Македонија. Од 2009 година е член и основач на Македонското друштво "Илинден"-Тирана и дописник на Македонски весник, Илинден. Во 2012 година беше еден од учесниците на третата школа за Млади лидери што се организира под покровителство на претседателот на Република Македонија, д-р Ґорге Иванов каде го преставуваше македонското национало малцинство од Албанија . Веруваме дека со својот ангажманот Естела Ґурґај ќе придонесе за поголема активност на Друштвото.

ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО" ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ГО ПОСЕТИ МАКЕДОНСКИОТ ПАВИЛОН НА ТЕРА МАДРЕ БАЛКАН

Потпретседателот на Македонско друштво" Илинден"-Тирана г-дин Незир Меча и г-дин Хамит Гордани член на друштвото го посетиа Македонскиот павилон на Тера Мадре Балкан што се одржи во площтад Мајка Тереза во Тирана од 02 до 05.06 2016 година. Слоу Фуд Македонија беше дел од настанот со бројни традиционални Македонски производи, македонскит павилон го посетија и бројни Македонци што живат во Тирана. Македонската делегација на Тера Мадре Балкан учествуваше со 33 члена, 15 беа производители.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"- ТИРАНА ОГРАНОГ ГОЛО БРДО ОСВАРИ СРЕДБА СО ЗАМЕНИК НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛОТ ВО ТИРАНА

Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана Ограног Голо Брдо Ули Халилај имаше средба во Тирана со заменик народниот правобранител на Албанија г-дин Алкет Јаупи во просторите на народниот правобранителот, г-дин Јаупи беше многу отворен за сите прашања кои се однесуват на проблемите на Македонско национално малциство во Република Албанија, се разговара за проблемите на Македонците во обласата Голо Брдо заменик пра-



вобранителот е подготвен да помогне за се што може да се стори за малциските права на македонците во Албанија во согласност со законот. Во текот на разговорот се истакна дека за секој писмо испратено ке се добива одговор, а каде ке се може да се помогне ке соработва со Македонско друштво "Илинден"-Тирана и Македонско друштво "Илинден"-Тирана Ограног Голо Брдо. Средбата се одржа по барање на Македонско друштво "Илинден"-Тирана и Македонско друштво "Илинден"- Тирана Ограног Голо во врска со барањата пуштени за учење на Македонски јазик во областа Голо Брдо. Инсистирањето на Македонско друштво "Илинден"- Тирана и Македонско друштво "Илинден"-Тирана Ограног Голо Брдо за средбата со заменик правобранителот резултираше со фактот со присуството на состанокот да не се затвори случајот со барањето Македонското национално малциство во Голо Брдо со назнака како незаинтересираност од страна на поднесителот на барањето. Со пристуството на претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана Ограног Голо Брдо Ули Халилај придонесе ова прашање да го следи заменик народен правобранителот при крај на состанкот било истакнато дека во актуално време врзани им се раците на народниот правобранител бидеќи се уште не е објавен законот за малциства. Од друга страна треба да се реши проблемот со признавање на Македонското национално малциство во цела територија на Република Албанија, претседателот на Македонско друштво "Илинден"- Тирана Ограног Голо Брдо Ули Халилај е задоволен од средбата со г-дин Алкет Јаупи, особено од ветувањето дека штом ке биде донесено законот за малциства ке биде информирано Македонско друштво "Илинден"-Тирана. За непосредната и срдечната средба Македонско друштво "Илинден"-Тирана и Македонско друштво "Илинден"- Тирана Ограног Голо Брдо топло се заблагодарува на заменик народниот правобранител г-дин Алкет Јаупи.

ЧЕСТИТКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКАТА АЛИЈАНСА, ЃОРЃИЈА ЏОРЏ АТАНАСОСКИ ПО ПОВОД ЧЕТВРТИОТ РОДЕНДЕН НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК ИЛИНДЕН

По повод четвртиот роденден на македонскиот весник Илинден од Тирана, претседателот на Македонската Алијанса Ѓорѓија Џорџ Атанасоски ја упатува следнава честитка: Сакам искрено да го честитам, лично од мое име и од име на Македонската Алијанса, четвртиот роденден на македонскиот весник Илинден од Тирана и да им посакам уште многу години ширење на нивната мисија и визија. За поздрав е упорното залагање на весникот Илинден во зачувување, промоција и заштита на македонскиот идентитет, наследство и богатство и македонското население во Албанија, а нивната дејност е она што не обединува и не прави посилни. Битката за остварување на нашите вековни стремежи за обезбедување на достоинствен живот на Македонците кои живеат надвор од границите на Републиката продолжува понатаму. Македонската Алијанса ќе продолжи и понатаму да дава целосна поддршка на македонското друштво "Илинден"-Тирана, како и на сите организации, партии или медиуми на Македонците во Албанија, регионот и светот со кои заеднички ја биеме битката за заштита на Македонскиот идентитет. Основањето Македонски културни центри, фолклорни групи, обезбедување програма на Македонски јазик на Државната Албанска телевизија, правична и пропорционална застапеност во Државните институции, стипендии за Македонските студенти, достапност на образовниот процес и изучување на македонскиот јазик, останува предуслов за силна и економски просперитетна Татковина.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ОСТВАРИ СРЕДБА СО Г.Г. СТЕФАН ПОГЛАВАР НА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, г-дин Никола Ѓурѓај на 14.04.2016 година во Скопје Република Македонија оствари средба со Г.Г. СТЕФАН Поглавар на Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија. На средбата претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, го информира Г.Г. СТЕФАН Поглавар на Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија за активностите на Друштвото. Македонско друштво "Илинден"-Тирана како и неколку години наназад, добива бесплатни верски календари од

Македонската Православна Црква- Охридска Архиепископија верските календари се даруваат на Македонци во Албанија, македонско друштво "Илинден"-Тирана од свое име и име на сите корисници на верскирте календари искрено се заблагодарува на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија за добрата волја да им подари на Македонците од Албанија верски календари. На средбата се нагласи потребата за повеќе соработка.

ВО ОХРИД СЕ ПРОМОВИРА КНИГАТА "THE MACEDONIAN LANGUAGE ORIGIN OF LANGUAGE ROOT OF WORDS" НА СВЕТЛАНА СИМОНОВСКА

Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана Огранок Голо Брдо Ули Халилај и неколку члена на друштвото учествува на 04.05.2016 година во Охрид на промоција на книгата на Светлана Симоновска нејзината книга која е воедно и прва книга од таков вид. Книгата е насловена „The Macedonian Language Origin of Language Root of Words" или во превод „Македонски Јазик Потекло на Јазикот, Корен на Зборовите". Истата е испечатена на англиски јазик и доколку биде добро прифатена од пошироката читателска публика, во иднина, ќе се појави и во македонско издание. Оваа книгакакошто веќе е наведено е прва во историјата од свој вид што значи исклучително оргинална и во неа можат да се сретнат досега необјавени податоци за македонскиот јазик, писменост и целокупната македонска цивилизација како таква. За првпат авторката прави напор да објасни-со посредство пред се на македонскиот јазик- многу зборови кои ги знаеме дека влечат корења од Којне, латинскиот или еврејскиот јазик. Како за илустрација ќе ги посочиме следните зборови од областа на кулинарството за кои може да се прочита: Баклава, Туршија, Раванија, Шеќерпаре или Мусака. Тоашто ние го знаеме зборот самар дека поаѓа од албанскиот јазик, авторката тврди дека е македонски збор кој доаѓа од зборот слама. Со други зборови главните состојки на самарот се сламата, дрворото и јажињата/ортоми. Од зборот самар пак се произлезени следните топоними, Самара (Русија) Самара (Ирак) Самарканд (Бактрија) Самарија (Палестина) и др. Интересно е да се спомене како и зошто англиските зборови austerity и oyster се пресликуваат во имињата на голобрдските села Големо Острени и Мало Острени. Или да ја споменеме врската помеѓу голобрдското село Стеблево и странскиот збор стабилност. Според книгата, имењаци на македонската област Голобрдо се топонимите Lombardy во Италија, Bordeaux во Франција, Bardejov во Словачка, Brdy во Чешка, Бардовци во Македонија итн. Не треба ниту да се заборави на занимливото образложение дадено во книгата за селото Требиште и името на библиското дрво Terebinth.

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН" -ТИРАНА РАСПИШУВА КОНКУРС ЗА ДИЗАЈН НА ЛОГО ПО ПОВОД 10-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН" -ТИРАНА.

Ова лого треба да ги одразува досегашните активности на Здружението. Логото ќе се користи во текот на 2017-2018 година. Секој предлог треба да содржи: предложеното лого треба да биде изработено компјутерски во висока резолуција; концизно објаснување на предлог- дизајнот и основни податоци за дизајнерот.

Општи услови за учество на конкурсот:

1. Предлог-логото треба да ја изразува концепцијата на 10-годишнината од основањето на Македонското друштво „Илинден" -Тирана
2. На натпреварот можат да учествуваат средношколци, студенти и млади уметници.
3. Делата мора да бидат оригинални, необјавени, а авторот ќе биде одговорен пред Законот за автентичност.
4. На натпреварот ќе бидат прифатени само индивидуални учесници.
5. Предлог-логото може да биде од земјата и од странство.
6. Предлозите треба да се достават на е-пошта drustvo.ilinden.tirana@live.com
7. Предлозите мора да бидат доставени најдоцна до 29 декември 2016 година
8. Предлозите ќе бидат објавен на 31 декември 2016 година, по што ќе има едномецечно гласање од страна на членовите на Друштвото, подржувачите и другите заинтересирани.
9. Победникот ќе биде избран од страна на комисијата и од гласањето на социјалните медиуми.
10. Награди: Прва награда 100 евра и благодарница „Илинден", втората награда и третиот благодарница „Илинден" и сувенири.
11. По завршувањето победникот на конкурсот мора да даде изјава за откажување од правото на користење на лого, по што логото станува сопственост на Македонско друштво „Илинден" -Тирана.

Македонско друштво „Илинден" -Тирана ги повикува сите заинтересирани да достават свои предлози

ПРАТЕНИКОТ РОНАЛ КЕТА: СОСТОЈБАТА ВО ГОЛО БРДО ЗА ЖАЛЕЊЕ

По реакцијата на Македонско друштво "Илинден"-Тирана и Македонското друштво "Илинден"- Тирана Огранок Голо Брдо и репортажата емитувана на локалната телевизијаТВ Булќиза за немањето основни услови за живот во областа Голо Брдо, реагираше пратеникот за околијата Пешкопеја во Парламент Роланд Кета. ¬ Во областа Голо Брдо нема патна инфраструктура, нема чиста и здрава вода за пиење, нема амбуланти.Жителите од Голо Брдо ја изгубија надежта, зашто за овие зони не е ништо направено, изјави за ТВ Булќиза пратеникот Кета. Тој додава дека во најголемото село во Голо Брдо доаѓа лекар само еднаш неделно, а дугите денови жителите од оваа област, која ја сочинуваат 22 села се оставени, како што вели, на „волјата на Бога". И болницата во Булќиза е во многу лоша состојба, додава Кета и нагласува дека не е реновирана повеќе од дваесет години. Како што оценува Кета, состојбата во Голо Брдо е за жалење, поради што жителите се принудени да го нашутаат родниот крај. Тој додава дека за сотојбата зборувал во Парламентот и оти и понатаму „ќе биде гласот на жителите од оваа област за проблемите.

РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА ПРЕКУ КОМУНИКАЦИЈА СО ДИЈАСПОРАТА

Македонско друштво "Илинден "-Тирана со г-дин Ламбе Шатровски преставник на друштвотоучестуа како гости на конференцијата "Развој на државата преку комуникација со дијаспората" одржа на 22.06.2016 година во Конгресен центар на Скопски Саем – Скопје, Македонија во организација на Центарот за информативна и логистичка поддршка на граѓаните "Нов контакт"- Македонија.Конференцијата се одржа со цел зајакнување на врската со македонската дијаспора, како и развивање на проекти за поддршка на културните, традиционалните, историските вредности, зајакнување на комуникацијата и развојот на демократските општествени вредности. Проектот е поддржан од Програмата за поддршка на граѓанското општетсво во Македонија – Цивика мобилитас, финансисрана од Швајцарската агенција за развој и соработка, координиран од Македонскиот центар за меѓународна соработка и е единствен од стоте проекти поддржани од Civica mobilitas, кој е посветен на македонската дијаспора, реализиран од Центарот за информативна и логистичка поддршка на граѓаните - "Нов Контакт"- Македонија под Менторство на Проф. д-р Златко Николоски.

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ ПОДГОТВУВА НОРМАТИВНА РАМКА ЗА ЈАЗИЧНИТЕ ПРАВА НА МАЛЦИНСТВАТА ВО ЗЕМЈАТА

Работна група од експерти, формирана од Министерството за образование и спорт на Албанија, работи на извештајот за нормативна рамка за јазичните права на малцинствата во Албанија, во соработка со Советот на Европа.Групата денеска имаше средба со членовите на државниот Комитет за малцинства на Албанија, во кој претставник на етничките Македонци е Нико Китани, по потекло од Мала Преспа. На средбата претставниците на малцинствата во Комитетот ја запознаа работната група со проблемите во образованието, а ги изнесоа и своите препораки за подобрување на ова значително прашање. Во извештајот посебно поглавје ќе има за јазикот на малцинствата.Работната група ја сочинуваат тројца универзитески професори и еден преставник од Министерството за образование.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”- ТИРАНА Г-ДИН НИКОЛА ЃУРЃАЈ СЕ СРЕТНА СО КООРДИНАТОР НА МЛАДИНСКА МРЕЖА ЗА ГРАДОТ ТИРАНА

Претседателот на Македонско друштво „Илинден“- Тирана г-дин Никола Ѓурѓај се сретна со координатор на младинска мрежа за градот Тирана г-дин Клаудио Пулаха разговараа за новите можности за соработка меѓу двете младински структури.За време на средбата се дискутираше за резултатите, иницијативите и активностите на македонското друштво „Илинден“-Тирана и младинска мрежа за градот Тирана. Многу активности и иницијативи се очекуваат од нас заедно во иднина.

МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ВО СЕЛО ГОРНО КРЧИШТЕ ГО ПРОСЛАВИЈА ПРАЗНИКОТ СПАСОВДЕН

Македонците во Република Албанија на 11.06.2016 година во село Горно Крчиште општина Маќеларе традиционално го одбележа големиот Христијански празник Спасовден кај црквата Св.Спас која датира од 1232 година и е споменик на културата, кадесе одржа богослужбата на македонски јазик. Ова година се одбележува 8 годишнината, на прославата присуствуваа Македонци од Ербеле и Крчишта и Македонци со потекло од овие села а кои се населени во различни градови во Албанија и во Македонија присутни беа и преставници на Македонско друштво “Илинден”-Тирана. На 13 јуни 2009 година се изврши преосветување на црквата Св.Спас која со помош на Македонците од Крчишта посебно на Лефтер Радевски црквата повторно се догради. Инаку селата Долно Крчишта, Горно Крчиште и Ербеле се македоноски села кои се наоѓаат во Општина Маќеларе оддалечени 10 километри од Дебар. Со поделбата на Македонија во 1913 овие села припаѓаат на Кралството СХС а од 1925 заедно со областа Голо Брдо потпаѓаат под Албанија. Иако овие Македонци се раселени низ Албанија сепак не го забораваат своето македонско потекло и одлично го зборуваат македонскиот јазик.

МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОСЕТА НА МАЛА ПРЕСПА

Министерот за транспорт и врски на Република Македонија, Владо Мисајловски на 06.05.2016 година беше во посета на општина Пустец.Мисајловски за врме на посетата имаше средба со градоначалникот Едмонд Темелко, со претставници на локалната власт како и со Македонците од Мала Преспа.

МАКЕДОНЦИТЕ ОД ВРБНИК ПИЈАТ ОД ЧЕШМА ОД 1928 ГОДИНА ЖИВЕМЕ БЕС ВОДОВОД, УЧИТЕЛ ЛЕКАР И КОМПЈУТЕРИ, НО И БЕС ПЕСТИЦИДИ

Ма каков компјутер или интернет, та ние живееме без водовод и канализација во селото веќе со децении, а немаме со години лекар, ниту учител, па децата од поодамна не може да учат на мајчиниот - македонски јазик, кој ќе се закине. Вака не пречекаа жителите во Врник, Албанија село распослано на 50-ина километри од Пустец, Мала Преспа а на 300 од Скопје, Македонија. Кога ќе се најдете таму помислувате како времето да застанало на крајот од 19 век и како да сте дошле на крајот од светот. Само што стасавме во селото, по 6 часа возење, од кои последните 5 километри од Билишт ги возевме повеќе од половина час по земјен пат, брзо се расчу дека некој од другата страна на границата дошол да види како живеат овие 100-ина Македонци на тромеѓата со Македонија и Грција. Надвор беше минус 10 степени, а во „клубот“ каде што не сместија, стоплен од ќумбето што баботеше, атмосферата многу брзо се загреа кога почнаа да пристигнуваат другите соселани, кои во просторијата каде што е и продавницата, едвај чекаа да ни раскажат како живеат. - Да напишете се дека немаме водовод, канализација. А каков е патот до селото сега и самите се уверивте. Среќа што повеќето имаме бунари, а некои од соседите што немаат на раце мора да ја пренесат

секоја капка вода од селската чешма.

Тежок е животот и за постарите, а камоли за помладите - работа нема, па се разбегаа во Македонија, Грција, Тирана, Корча, но и по целиот свет и во Канада, Америка. Останавме стотина, а бевме над 300-400 сите сме Македонци од егејскиот дел - раскажува еден од најстарите врничани, Ванчо Николовски (78). Тој прима пензија од 70 евра месечно, што ја заработил во кооперација, која, како што нагласува Ванчо, се расипа кога влезе демократијата. Селската чешма досега не ги изневерила А една од ретките работи што досега не се расипала е селската Долна чешма, која блика и од која вода за пиење со децении полнат врничани. Таа е една од ретките што не ги изневерила сите овие години.Водата е многу добра за пиење, а наша среќа е што изворот е многу богат, па не паметиме водата да пресушила. Но политичарите и другите моќници кои треба да ги подобрат условите за живот тука се губат како да залутале некаде по лошиот пат, па никаде ги нема да ги остварат нашите барања. Се сеќаваат на нас само кога се бараат гласови. Петте километри од посакуваниот асфалтен пат со години го ветуваат пред секои избори, но се уште мора да се вози по стариот земјен пат - вели една од помладите жителки, Маријана Поповска (50). Врничани пред една година ги посетил и амбасадорот на Македонија во Албанија, на кој исто така му ги раскажале проблемите со кои се соочуваат. Им ветил дека повторно ќе дојде. Токму кога и ние се затекнавме до селската чешма, и 80-годишната жителка Софија ги полнеше шишињата, за, како што рече, да однесе вода дома за синот. Нејзината пријателка Донка ни призна: „Не го сакам веќе Еди Рама зашто не ни го направи патот, иако гласавме за него“. Во лепчето на Бадник леки или евра А ете токму тука - на селската чешма - по крстот скокале и неколку дечиња од селото, но не во вторникот на 19, туку на 6 јануари годинава. Тогаш ги одбележавме Водици зашто црковните празници ние ги славиме по грчкиот, новиот календар, а не по стариот како што е во Македонија. Си ги тераме сите адетикршевме и лепче на Бадник, а во тестото ставаме или леки или ситни евра. За Велигден селото е полно доаѓаат и нашинците од странство и тие да се помолат во нашата црква „Свети Ѓорѓи“ - вели сопругот на Маријана, Коњо Поповски. Но, за жал, многу години веќе нема крштевки во црквата во Врник. Заборавивме како е да се чуе бебешки плач. Бебе не се родило тука повеќе од пет години. И сега едвај неколку деца се собраа за да го фатат крстот за Водици - додава Маријана.

Црква „Свети Ѓорѓи“ село Врбник

Младите ги спакуваа куферите Коњо Поповски раскажува како нивните деца, и синот и ќерката, се обидувале да останат на родната грутка, но безуспешно - и тие решиле да ги спакуваат куферите. Цели 3 години синот Димитар ги носеше двете деца на училиште во Билишт и повеќе не издржаа избегаа во Корча со снаата. Замислете по овој пат да мора да возите двапати во денот?! Иако и таму нема работа син ми се уште не е вработен, а снаата работи во италијанска фабрика за чевли. Иако тие потоа и се извезуваат во странство, платите на вработените не се како на Запад - како во земјите на Европската Унија, туку едвај примаат по 200 евра, а и тие тешко ги заработуваат зашто се на норма. Им помагаме со храна оттука им праќаме сирење, месо, зеленчук - вели Коњо, чија ќерка исто така живее во Корча. Тој ни откри дека, иако е во години, и на него понекогаш му недостига компјутер. Внуците ни доаѓаат за распуст секое лето се тука, но почнаа малку да негодуваат зашто кај нас немаат игри на компјутер зашто нема ниту интернет во селото. Ова се нови, модерни времиња, а и овие современи технологии се далеку од нас, што е и добро за децата - барем кога се кај нас да одморат очи од компјутерските екрани. Настојуваме да ги преокупираме со други работи - со тоа што го немаат во градот па ги учиме и да се грижат за домашните животни - раскажува Коњо. И Ералдо (22) е еден од ретките млади луѓе што ги затекнавме во селото. Тој во недостиг од таблет или компјутер беше зафатен со мобилниот телефон, кој му е прозорец кон светот. Неговиот другар Александар Шемко учел основно во селото, а за средно училиште морал да оди во Битола каде што стекнал техничко образование. Тој не продолжил да живее во Македонија, туку се вратил во селото, но таму не можел да го примени знаењето што го добил. За да може да преживее, тој вели дека секое лето оди да работи во Грција барем по 3 месеци. Александар има 27 години и се уште не е женет. Нема девојки во селото, а и рано ми е за женидба. Кога сум во селото, не можам да се логирам ниту на „Фејсбук“, туку само кога одам во градот, а и тоа ми е начин да запознам некого - вели тој. Компир и домат без пестициди. Додека разговаравме со жителите на ова село, забележавме дека освен водата од изворот, иако живеат тежок живот блескаат и нивните лица, па кај повеќето сигурно дека ќе згрешите во процената колку години имаат. На прашањето дали можеби тајната, освен чистиот воздух, е и што самите произведуваат храна, тие со потврден

одговор: - Да - погодивте! Ние не користиме пестициди кога садиме зеленчук, а одгледуваме патлиџан, пиперки, компир. Од јаболка успева само еден вид, од оние што порано зреат. Единствено во пченицата ставаме средство против плевел - тоа е хемијата која е присутна на нашите ниви и бавчи - го откриваат врничани можниот рецепт за младешки изглед и релативно доброто здравје. Ни лекар ни учител А здравјето секако мора добро да го чуваат зашто немаат ниту лекар во селото! Медицинска грижа во селото им укажува единствено медицински брат, како што на шега го нарекуваат, односно техничарот. Тој им се наоѓа за мерење на крвниот притисок, кога некоја итна поситна повреда треба да се санира или за помали преврски. Не успеавме да дознаеме која е најсложената интервенција со која успеал да им укаже помош на овие жители зашто не беше на работното место - заминал во градот. На вратата од куќичката каде што е сместена оваа импровизирана ординација стои известување на кој број да се јават во случај да им треба итна помош. За сите други здравствени услуги мора да одиме во најблискиот Билишт каде што има амбуланта и болница. Најлошо е кога треба итна услуга - пред некоја година соседот едвај спаси жива глава - доби големи болки во стомакот, но, за среќа, брзо најдовме кола и го пренесовме до градот. Инаку, и ние страдаме од стресот, иако живееме во здрава средина. Најмногу поради тоа што нема работа ни за младите ни за постарите - па тоа ни е и една од најголемите грижи - вели пензионерот Ванчо.

ЌЕ СЕ ИЗГУБИ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК!

Освен за комуналните и егзистенцијалните проблеми, жителите на ова место се загрижени и за опстанокот на мајчиниот, македонски јазик. - Штета е што немаме училиште, ниту учител во селото, еве повеќе години, па и да има деца во селото нема кој да ги научи литературно да пишуваат и читаат македонски. Тие од родителите ќе научат да го зборуваат македонскиот јазик, но нема да знаат да пишуваат ако нема даскал да ги научи. Се плашиме дека ќе се изгуби јазикот зашто веќе не може да ги гледаме програмите на Македонската телевизија како порано. Само додека работеше училиштето во селото, децата го учеа мајчиниот јазик, секако и албанскиот, а оние што потоа мораа да одат на училиште во Билишт, учеа само на албански - предупредува Алберт Шемко (51). Од некогашното основно училиште е останата само руинирана зграда во селото, без прозорци и покрив, која на жителите им личи, како што велат, како на тие во Авганистан.

САКАМЕ И НОВИ МАКЕДОНСКИ ПАСОШИ

Имаме само стари македонски пасоши, кои одамна не важат, па сакаме што поскоро да добиеме нови, биометриски пасоши. Ние сме државјани и на Македонија, на секој попис во Албанија така и се изјаснуваме - како Македонци, а пасошот ни треба и да можеме полесно и поевтино да се лекуваме во Ресен, Битола, Охрид. А секако и за да може да гласаме кој сака може да оди во Ресен и да гласа - порачува Коњо заедно со другите Македонци од Врник.

ГО НОСИ СОПРУГОТ НА КАРДИОЛОГ ВО ОХРИД, НО ЗА СЕБЕ НЕМА ПАРИ ЗА ГИНЕКОЛОГ!

Но некогаш од Врник доаѓаат на лекар и во Македонија. Го носам сопругот еднаш годишно на кардиолог во болницата во Охрид зашто е срцев болен. Само патот ме чини 50 евра, плус 70 за контролите, па не стасуваат пари и јас да се прегледам. Не сум била на лекар со години - вели 55-годишната Фанија. Соселаните појаснуваат дека во Албанија еднаш годишно им следуваат бесплатни прегледи на оние од 40 до 65 години, а тоа велат дека и повеќето од нив го практикуваат и одат во соседниот Билишт за да си го проверат здравјето. Кога станува збор за гинеколошкото здравје, жените од ова село како да не ни слушнале за мамографски прегледи на дојките, ниту за ПАП-тест. Неколкуте жителки на селото со кои разговаравме, а не сретнавме помлада од 50 години, велат дека не паметат кога биле на гинеколошки преглед, не знаеја дури ниту што е мамографско снимање на дојките со цел рано откривање на ракот, кое е задолжително за жените постари од 40 години.

Репортажа од Љубица Балабан за Дневник

МИЛОШ ЃЕРЃ НИКОЛА (МИЃЕНИ) МАКЕДОНЕЦ

Милош Ѓерѓ Никола (Миѓени) е роден на 13 октомври 1911 во Скадар, Албанија во православно семејство од таткото Ѓерѓ Никола и мајка Софиа Никола, почина на 26 август 1938 година во Италија. Никола Дибрани дедому од Милош Ѓерѓ Никола (Миѓени) беше раселеен од Река Македонија во втората половина на XIX век и се пресели во Скадар, а подоцна се оженил со Стаке Милани, имаше два сина Ѓерѓ и Кристо. Ѓерѓи беше во брак со Софија Кокоши (мајкаму на Миѓени) во 1910 година Ѓерѓ зеде продавница за храна и десет години подоцна, кога почина баџанакот Илија Тримчев зеде неговата слаткарница, која остана до неговата смрт на 21 март 1924 година.

Никола Никола брат на Милош Сестрите на Милош Цветанка, Јованка, Олга

ТаткотоЃерѓ Никола Мајката Софиа Никола

Милоши и неговата најмала сестра, Олга се образувале во основната србска сколо во Скадар. Средно образование го заврши во неговиот град во основното сколо србско-православно во 1923 година. Од 1923 година до 1925 остана без образование. И во пролетот на 1925 тргна за Битола Македонија, каде вујкому Јован Кокоши безбедува степендија во православна гимазија во Битолската Митропола студираше во Теолошки Православни Колеџ за да биде православентеолог. Во 28.06.1933 година учествуваше на семинар за теологија свети Јован во Битола Македонија.

Во Битола Македонија на семинар за теологија

Во неговота диплома изданена во 18 јули 1932 година се нарекува „син на Ѓерѓ трговецот„. Со неговата диплома на 22 јули 1932 година од Битола патува за Тивар, кај сестраму Јованка. На 1933-1937 година работи како учител во средните училиште во Врака, Скадар и Пука. Овој период почнува со книжевна дејност. Во 1936 своете поетички дела ги составува во книгата "Слобони стихови„ која беа запрани од ценсурата. Крајот на 1937 година патува за Италија да се лекува од заболување од белите дробови каде подоцна на 26 август 1938 година. Неговите стихови беа „Малиот Лули, „Будење", „ Новела за кризата", „Искра", „Нашиот леп секојдневен подарни", „Зенели", „Убавината што убива", „Забрането Јаболко".

Проф. Ардиан Мараши директор на институтот за Албанологија во Тирана во негиовиот истражувачки труд потеклото на Милош Ѓерѓ Никола (Миѓени) истакнува Милош Ѓерѓ Никола (Миѓени) беше со словенско потекло.

Милош Ѓерѓ Никола студент во Битола

Посмртите останки на Милош Ѓерѓ Никола (Миѓени) 5 февруари 1956 година беа донесени од Италија во Скадар, Албанија бил награден со титулата “Народен Учител,, после смрта.

РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ДО 18 ГОДИНИ: ПОБЕДА СО 2:0 НАД АЛБАНИЈА

Младата репрезентација на Македонија до 18 години во контролен натпревар против селекцијата на Албанија натпреварот се одигра на 15 јуни во Поградец, Албанија издвојува победа со 2:0. Нашата репрезентација го одигра дуелот на едно високо ниво, создаде многу повеќе можности за погодок од својот противник и сосема заслужено на крајот славеше победа со 2:0. Трапановски рано уште во 7. минути погоди за предност на нашите фудбалери. Во продолжението од средбата пропуштивме многу добри прилики за постигнување погодок. Конечните 2:0 ги постави Митровски во 40. минута. Треба да се напомене и дека избраниците на селекторот Вујадин Станојковиќ играа со играч помалку уште од 25. минута од средбата.

Стани и ти дописник на Македонски Весник Илинден

Известувај од својето место за Македонците кои живат во твојот крај, случките за кои мислиш дека се интересни за објавување, поврзи се и стани дел од Македонскиот весник Илинден. Прати порка на: drustvo.ilinden.tirana@live.com

Издавач: **Македонско друштво “Илинден” – Тирана**
Главен и одговорен уредник: **Никола Ѓурѓај**
Заменик на главен и одговорен уредник: **Незир Меча**
Лектура: **Естела Ѓурѓај**
Компјутерска обработка: **Тримакс - Тирана**
Печати: **ДСИ - Тирана**
Фотографии: **Архива на МКД “Илинден “- Тирана и редакцијата**
Редакција:
1. Ариана Шутку – Тирана
2. Фидана Ќулханџиу – Тирана
3. Ламбе Шатровски – Македонија
4. Нико Китани – Мала Преспа
5. Ули Халилај – Голо Брдо
6. Цветан Богдановски – Горно Крчиште
6. Алдана Лоровска – Врбник
7. Бесим Мемишај – Гора
8. Ернеста Дука – Драч

Контакт:
0692401778 АЛ
Адреса: ул. „Михал Грамено“ 183 - Тирана, Албанија
e-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
Web: www.ilinden-tirana.com

Претплата:
Банка: **Национална Комерцијална Банка - Тирана**
IBAN:AL1520511021289300CLOTCLALLY LEK
SWIFT:NCBAALTX020
IBAN:AL4820511021289300CLOTCFEURA EUR
SWIFT:NCBAALTX

Весник Илинден - Сите права се загарантирани. За умножување, изнајмување и соопштување на јавноста во било која форма, вклучувајки го и интернет, како и за преработка на дел или во целост на ова издание, потребно е писмено одобрение од издавачот.

Св. Јован Канео
- Охрид, Македонија